


Предлозите се изготвени по длабинското истражување на ризиците од корупција, систематизирани во истражувањето „Мапирање на ризиците од корупција во јавните набавки на претпријатијата во сопственост на Владата и на општините“, како и по индивидуалните скрининзи на 37-те претпријатија основани од Владата, од Градот Скопје и од општините Гостивар, Кавадарци и Струга, во коешто е даден приказ на клучните параметри што го отсликуваат начинот на којшто овие претпријатија ги спроведуваат јавните набавки, како и нивните кадровски капацитети и внатрешни политики. Слабостите констатирани низ сите претходно спроведени истражувања и анализи ја потврдија потребата од засилување на интегритетот и од намалување на ризиците од корупција во јавните претпријатија и во акционерските друштва.

Овие предлози се изготвени во рамките на проектот „Кон отчетни јавни претпријатија“, што го спроведува Центарот за граѓански комуникации со финансиска помош од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, во периодот 2019 – 2021 година, чија крајна цел е воспоставување одржливи механизми за подобрување на начинот на спроведувањето на јавните набавки и за засилување на интегритетот во процесот на трошењето на јавните пари преку тендерите во претпријатијата основани од Владата, Градот Скопје и општините Гостивар, Кавадарци и Струга.
Дел од предлог-препораките содржани во овој документ Центарот за граѓански комуникации ги достави и до Владата на Република Северна Македонија во текот на

февруари 2021 година, во процесот на изготвување на Акцискиот план на Владата за борба против корупцијата.

Propozime për uljen e korrupsionit në prokurimet publike dhe avancimi i mënyrës së zbatimit të tyre